



# МЕЃУОПШТИНСКИ СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ НА ОПШТИНИТЕ КРИВА ПАЛАНКА И РАНКОВЦЕ

2022 - 2026

Република Северна Македонија
**Министерство за локална самоуправа**

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на УНДП и на Бирото за регионален развој. Содржината на публикацијата е одговорност на Општина Крива Паланка и Општина Ранковце и не секогаш ги одразува ставовите на УНДП.

# Кратенки

| | |
|---|---|
| ДЗС | Дирекција за заштита и спасување |
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| ЈЗУ | Јавна здравствена установа |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| $км^2$ | Квадратни километри |
| ЛЕР | Локален економски развој |
| ИМП | Итна медицинска помош |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| мнв | метри надморска височина |
| м/с | метри во секунда |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТС | Материјално-технички средства |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| м3 | кубни метри |
| НРК | Намалување на ризици и катастрофи |
| НУС | Неексплодирани убојити средства |
| НШ – ШС | ЈП Национални шуми – Шумско стопанство Осогово |
| ОПЦЕН | Оперативен центар |
| ПО ДЗС КП | Подрачно одделение на Дирекција за заштита и спасување Крива Паланка |
| ПШС | Подружница на шумско стопанство |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| РЦ | Регионален центар |
| РЦУК КП | Регионален центар за управување со кризи Крива Паланка |
| РШУК | Регионален штаб за управување со кризи |
| СВОТ | СВОТ Анализа означува анализа на силните страни, слабостите, можностите и заканите т.е. SWOT S-Strengths W-Weaknesses O-Opportunities T-Threats |
| ТППЕ | Територијална противпожарна единица |
| ха | Хектари |
| УНДРР (UNDRR) | Канцеларија на Организацијата на Обединетите нации за катастрофи (The United Nations Office for Disaster Risk Reduction) |
| ЦЈЗ ПЕ | Центар за јавно здравје – Подрачна единица Крива Паланка |
| ОО ЦК | Општинска организација на Црвен крст |
| ЦУК | Центар за управување со кризи |
| ШСЕ | Шумско стопанска единица |

# Содржина

Кратенки 1

1. Вовед 3

2. Пристап и методолошка рамка за стратешко планирање 4

3. Предмет, цел и начела на меѓуопштинскиот стратешки план 5

4. Институционална рамка намалување на ризици од катастрофи во општините Крива Паланка и Ранковце 8

5. Општ профил на општините Крива Паланка и Ранковце 11

6. Профил на ризици и опасности за подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце 14

6.1. Општо за профилот на опасности 14

6.2. Природни и од човек предизвикани опасности 19

6.3. Матрица на хронични стресови и акутни шокови за подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце 20

6.4. СВОТ Анализа 21

7. Визија, мисија и цел на меѓуопштинскиот стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце 22

8. Меѓуопштински стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце 2022 - 2026 (Акциски план) 25

9. Реализирање, следење и евалуација на реализацијата на меѓуопштинскиот стратешки план 32

Библиографија 33

# 1. Вовед

Подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце се наоѓа во североисточниот дел од Република Северна Македонија, на трасата на Паневропскиот транспортен коридор 8 со вкупна површина од 721.52 км2 и население од 21,524 жители[1]. Профилот на опасности присутни на подрачјето на двете општини е карактеристичен како за самиот североисточен регион, така и за поширокото подрачје на државата и при тоа доминираат пожарите, поплавите, екстремните временски појави, заразните болести, лизгањето на земјиштето, несреќите во патниот сообраќај, техничко-технолошките несреќи и др. Зголемениот број на природни непогоди и други несреќи, како и катастрофални настани, заедно со помалите секојдневни итни ситуации ги исцрпуваат ограничените ресурси и капацитети на локално ниво. Од друга страна, во голем број на случаи, овие настани ги зафаќаат подрачјата на двете општини или нивниот интензитет на подрачјето на едната општина е толку силен, при што во текот на справувањето се вклучиле и силите и ресурсите на другата општина. Имајќи го во предвид влошувањето на состојбата на животната средина, предвидувањата за зголеменото влијание на климатските промени, настанувањето на неочекуваните и комплексни катастрофи, како што е пандемијата на КОВИД-19, очекувано е да настапи значително зголемување на фреквенцијата, интензитетот и магнитудата на овие настани, предизвикувајќи последици по општеството и локалните заедници во целина. Негативното влијание од овие настани ќе се одрази силно и на локалниот одржлив и отпорен развој погодувајќи ги сите граѓаните, особено најранливите, продлабочувајќи ги постојните и креирајќи нови ранливости и социјални и економски нееднаквости.

Поради тоа, последователно се јавува потребата од понатамошно градење, како на индивидуалните, општински, така и на заедничките, меѓуопштински капацитети и ресурси, со цел за подобрена превенција и ублажување, подготвеност и справување, како и опоравок од катастрофалните настани и новите и потенцијални ризици и закани. Во контекст на овој современ пристап и е подготовката и донесувањето на Меѓуопштинскиот план за намалување на ризици од катастрофи[2] за подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце (понатаму во текстот: Меѓуопштински стратешки план).

[1] „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 - прв сет на податоци“ (2021). https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=146

[2] Според УНДРР “намалувањето на ризикот од катастрофи има за цел да ги превенира новите и да ги намали постојните ризици од катастрофи и да го управува преостанатиот ризик, со што се придонесува за зајакнување на отпорноста и пследователно постигнување на одржливиот развој.” https://tinyurl.com/ubdb2xhc

# 2. Пристап и методолошка рамка за стратешко планирање

Изработката на овој документ ја следеше воспоставената рамка за стратешко планирање на национално и локално ниво, како и современите пристапи и практики во намалувањето на ризици од катастрофи. Основното тежиште на процесот беше преку инклузивен и консултативен процес да се идентификуваат профилот на постојните опасности, случените настани и последиците, дефинирањето на визијата, целите и стратешките приоритети, како и идентификување на планот на мерки и активности кои би се реализирале во наредниот период. При тоа се идентификуваа и научените лекции од минатите настани, како и од пандемијата на КОВИД-19 и се анализираа постојните и потенцијалните трендови. Поради тоа се одржаа три консултативни настани за реализација на овие активности, во периодот април-мај 2022 год. Од друга страна методолошкиот пристап за подготовка на стратешкиот план ги вклучи следниве методи на истражување:

- Анализа на содржината се примени во текот на првата фаза од процесот, во рамките на канцеларискoто истражување на содржината на сите доставени документи, планови, извештаи и публикации од значење за стратешкото планирање на локално и регионално ниво беа разгледани и анализирани.

- Компаративната анализа се користеше за споредба на избраните решенија (концептуални, нормативни и практични) и за анализа на глобалното/националното/локалното ниво на стратешките документи од овој вид.

- Комбиниран квантитативен/квалитативен дизајн на истражувањето се примени за време на подготовката на Меѓуопштинскиот стратешки план се применија он-лајн прашалник за клучните заинтересирани страни од двете општини, како и се реализираше фокус група со нивните претставниците.

- Квалитативен дизајн на истражувањето се примени за време на апликацијата на методот на триангулација за валидација на податоците од канцеларискoто истражување, теренското истражување и спроведените консултации, спроведување на СВОТ[3] анализата и анализата на заинтересираните страни, идентификувањето на матрицата на хроничните стресови и акутни шокови на подрачјето на двете општини, како и кодификувањето на добрите практики.

[3] СВОТ-анализата ја означува анализата на силните страни, слабостите, можностите и заканите т.е. SWOT S-Strengths W-Weaknesses O-Opportunities T-Threats.

# 3. Предмет, цел и начела на меѓуопштинскиот стратешки план

**Меѓуопштинскиот стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце за периодот 2022 – 2026** претставува сеопфатен и инклузивен план кој има за цел да го унапреди намалувањето на ризици од катастрофи[4] со цел за подобрена превенција и ублажување на постоечките и идните опасности и ризици, подготвеност за справување и отпорен опоравок. Овој документ претставува патоказ за подобрувањето на управувањето со намалувањето на ризици од катастрофи во наредниот четиригодишен период т.е. подобрена соработка, комуникација и координација помеѓу двете општини и на нивното подрачје. Во исто време е и алатка за успешно намалување на ризикот од катастрофи на локално и меѓуопштинско ниво со учество на сите субјекти и граѓани.

Овој Меѓуопштински стратешки план првенствено се засновува врз Договорот за меѓуопштинска соработка склучен помеѓу општините Крива Паланка и Ранковце потпишан на 14.11.2022 година чиј предмет е воспоставување на меѓуопштинска соработка за размена на знаење и искуства и остварување на заедничка стручна соработка на општинските администрации, ТППЕ и субјектите на локално ниво на двете општини за поефикасно и поекономично вршење на надлежностите утврдени со Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и неопходните работи, мерки и активности во делот на заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра од воените разурнувања, природните непогоди и другите несреќи и од последиците предизвикани од нив, противпожарната заштита и здравствената заштита, како и управувањето со кризи.

- **Меѓуопштинскиот стратешки план** е поврзан со современата рамка за управување со намалувањето на ризици од катастрофи, одржлив развој и климатски промени и на тој начин придонесува за исполнување на обврските на државата кои произлегуваат од овие документи. Така на пример, во контекст **на Рамката за намалување на ризици од катастрофи од Сендаи 2015 - 2030**[6] изработката на ваков плански документ е во контекст на исполнувањето на целите и препораките кои произлегуваат од истата, а особено на **Цел Е: Значително зголемување на бројот на држави со национални и локални стратегии за намалување на ризици и катастрофи до 2020 год.**[7] , како и четирите приоритети од оваа рамка. Во поглед на **Целите на одржливиот развој**[8], се поддржува исполнувањето на определени цели, како и практичната имплементација на член 8 од **Парискиот договор за климата**[9]**.**

[4] Во Република С. Македонија намалувањето на ризикот од катастрофи не е нормативно регулирано како посебен систем и со оглед на неговата мулти-хазард, мулти-ризик и мулти-секторска димензија се реализира на сеопфатен начин преку системите за заштита и спасување и управување со кризи, како и преку останатите области и надлежности на локално ниво, а тоа се првенствено противпожарната и здравствената заштита, како и преку вклучување во останатите надлежности, на пр. урбанизам, заштита на животна средина, образование и др. преку идентификување и реализација на соодветните политики, планови, мерки и активности.

- **Вертикално поврзување со нормативната рамка и националните и регионалните документи на Меѓуопштинскиот стратешки план –** Како што е погоре кажано, меѓуопштинската соработка произлегува од надлежностите на општините според Законот за локална самоуправа, Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ 79/09)[10], законските акти за заштита и спасување[11], противпожарна[12] и здравствена заштита[13], како и обврските во сегментот на управување со кризи[14]. Исто така, ги следи националните и регионалните стратегии и документи со цел за обезбедување на синергија при нивното реализирање. Поради тоа што во текот на подготовката на овој план не е донесен стратешки документ за намалување на ризици од катастрофи, и во тек е финализирањето на новата национална стратегија за заштита и спасување, во текот на евалуацијата на среден рок, може да се изврши ажурирање на мерките и активностите. Од друга страна, стратешкиот план е индиректно во корелација со други стратешки, програмски и плански документи, од поширокиот сегмент на управувањето со намалувањето на ризици од катастрофи, како што се Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026[15] со Акционен план за периодот 2021 – 2023 год.[16], Националната стратегија за заштита на природата 2017 – 2027[17], Планот за подготвеност и одговор на здравствениот систем при справување со итни, кризни состојби и катастрофи (2017)[18], Акциониот план за превенирање на штетните влијанија и последиците од студеното време и студените бранови врз здравјето на населението во Република Македонија (2011), Акциониот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението во Република Македонија (2011). На регионално ниво постојат допирни точки со Програмата за развој на источен плански регион 2021 – 2026 год.[19]

- **Хоризонтално поврзување со локалните стратешки, програмски и плански документи** – Како што се процените на загрозеноста на подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце од сите видови на ризици и опасности од 2021 год., Процена на загрозеност на општините Крива Паланка и Ранковце од природни непогоди и други несреќи од 2014 година; План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за општините Крива Паланка и Ранковце од 2014 год., Стратегија за развој на туризмот на општина Крива Паланка со акционен план за периодот 2020-2025, Стратегија за млади на општина Крива Паланка 2019 – 2024, Социјален план на општина Крива Паланка 2021 – 2024 и др. планови, програми и стратегии за развој на локалните дејности.

---

[5] https://tinyurl.com/2yf8z5ks
[6] https://www.preventionweb.net/files/43291_sendaiframeworkfordrren.pdf
[7] Во Рамката од Сендаи рокот за оваа цел е наведен до 2020 год., истиот се продолжува до 2030 година.
[8] https://www.unisdr.org/files/46052_disasterriskreductioninthe2030agend.pdf
[9] https://unfccc.int/sites/default/files/english_paris_agreement.pdf
[10] http://www.slvesnik.com.mk/Issues/7CEA639634D1054DB351E7FB985665DC.pdf
[11] Закон за заштита и спасување - Редакциски пречистен текст (Службен весник на РМ. 2017) https://www.dzs.gov.mk/-public/storage1/files/zakon_2.pdf

Меѓуопштинскиот стратешки план е заснован на следниве начела:

**а) Начело на приоритет:** Намалувањето на ризици од катастрофи е приоритет на национално, меѓуопштинско и локално ниво.

**б) Начело на интегрирано дејствување:** Мерките и активностите се спроведуваат на интегриран начин врз основа на нормативните, институционалните и програмските рамки на субјектите кои учествуваат во намалувањето на ризици од катастрофи.

**в) Начело на меѓуопштинска соработка:** Меѓуопштинскиот стратешки план преку воспоставената меѓуопштинска соработка се стреми кон постигнување заеднички цели, обезбедување услуги или соочување со заедничките проблеми во сегментот на природните и од човек-предизвикани опасности на подрачјето на двете општини.

**г) Начело на меѓусекторска соработка:** Имплементацијата на Меѓуопштинскиот стратешки план се заснова на оперативни постапки, комуникација, координација и соработка на општините, ТППЕ и другите субјекти во духот на меѓусекторската соработка, координација и партнерство.

**д) Начело на фокус на сите фази во циклусот на намалувањето на ризикот од катастрофи:** Мерките и активностите предвидени со овој стратешки план се однесуваат на периодите пред (превенција и ублажување и подготвеност), за време (справување) и после катастрофалните настани (опоравок).

**ѓ) Начело на рамноправност, инклузивност и заштита на човечките права:** Во рамките на неговата реализација особено ќе се води грижа за почитување на начелото на рамноправност на половите, при што ниту една мерка или активност не треба да доведе до загрозување на истото. Исто така, реализацијата на мерките и активностите предвидува инклузивност и вклученост на сите во заедниците, не оставајќи никого зад себе. Од друга страна, мерките и активностите се засноваат на почитувањето на основните човечки права и треба да бидат достапни до сите категории на граѓани, вклучувајќи ги и ранливите групи (жените, лицата со попреченост, младите, старите, етничките заедници и сл.).

**е) Начело на информирање на јавноста:** ЕЛС во согласност со утврдената процедура навремено и целосно ќе ја информираат јавноста за аспектите на намалувањето на ризици од катастрофи, релевантните информации и податоци за опасностите и ризиците, како и мерките и активностите за заштита од нивните последици, одговор и опоравок вклучувајќи ги и граѓаните.

---

[12] Закон за пожарникарството - Пречистен текст (168/17) https://www.dzs.gov.mk/public/storage1/files/zakon_3.pdf

[13] Закон за заштита на населението од заразни болести (Редакциски пречистен текст, 2018); Закон за здравствена заштита – Редакциски пречистен текст (Службен весник на РМ. 37/16).

[14] Закон за управување со кризи (Сл. Весник на РМ 29/05 со измените и дополнувањата - 41/14 и 104/15 и 215/21) http://cuk.gov.mk/files/Zakon-za-upravuvanje-so-krizi.pdf

[15] https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf

[16] https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf

[17] https://tinyurl.com/5f2b8rwr

[18] http://iph.mk/wp-content/uploads/2017/08/Plan-za-podgotvenost-i-odgovor-pri-krizni-sostojbi-i-katastrofi.pdf

[19] https://tinyurl.com/3w4xcyp2

# 4. Институционална рамка намалување на ризици од катастрофи во општините Крива Паланка и Ранковце

Седиштето на општините Крива Паланка и Ранковце се наоѓа во истоимените населени места, Крива Паланка и Ранковце. За извршување на општинските надлежности формирани се општински администрации со сите потребни надлежни органи и тела. Во табелата подолу е даден основен преглед на општинските администрации во двете општини.

| Општина | Градоначалник | Општински совет | Сектор/одделенија |
|---|---|---|---|
| **Крива Паланка** | **Сашко Митовски** | **19 советници** | • Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој со следниве одделенија: за правни и општи работи, финансиски прашања и јавни дејности, економски развој и информатичка технологија;<br>• Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура со следниве одделенија: урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и изградба и одржување на комунална инфраструктура;<br>• Одделение за инспекциски надзор;<br>• Одделение за човечки ресурси;<br>• Одделение за внатрешна ревизија, и<br>• Територијална противпожарна бригада – Крива Паланка. |
| **Ранковце** | **Борче Спасовски** | **9 советници** | • Одделение за правни и општи работи;<br>• Одделение за финансиски прашања;<br>• Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина, локален економски развој и јавни дејности;<br>• Одделение за инспекциски надзор – инспекторат, и<br>• Територијална противпожарна единица ТППЕ Ранковце |

Табела – Преглед на структурата на општинските администрации на двете општини[20]

[20] Податоците се превземени од веб страниците на двете општини: https://www.krivapalanka.gov.mk/ и http://rankovce.gov.mk/

Во согласност со меродавните правни акти наведени погоре, општините Крива Паланка и Ранковце имаат свои надлежности и обврски во заштитата и спасувањето, противпожарната дејност, здравствената заштита, како и управувањето со кризи и истите се дефинирани во соодветните законски и подзаконски решенија. Покрај нив во реализацијата на политиките, мерките и активностите од наведениве надлежности и обврски, учествуваат и останати субјекти кои се прикажани подолу. За таа цел, со примена на методот на анализа на засегнатите страни се обезбеди увид во важноста и влијанието, интересите, потенцијалните улоги и начинот на вклучување на различните групи на засегнати страни во областа на намалувањето на ризици од катастрофи на подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце.

Последователно, на мапата подолу е даден прегледот на примарно и секундарно заинтересираните страни на подрачјето на двете општини.




Мапа – Преглед на примарно и секундарно засегнати страни

- Примарно засегнати страни се општините Крива Паланка и Ранковце со своите општински администрации, како и ТППЕ во двете општини кои ја имаат главната одговорност преку спроведување на пропишаните надлежности и обврски. Во контекст на заштитата и спасувањето и управувањето со кризи и рамките на националните системи, Подрачното одделение за заштита и спасување од Крива Паланка и Регионалниот центар за управување со кризи од Крива Паланка ја обезбедуваат неопходната стручна поддршка за реализирање на овие надлежности и обврски, преку мулти-секторски пристап за консултации, координација, соработка со соодветните субјекти на локално, меѓуопштинско и национално ниво и преземање на соодветни мерки и активности пред, за време и после природните непогоди и другите несреќи, како и катастрофалните настани.

- Секундарно засегнати страни – Намалувањето на ризикот од катастрофи е работа на сите нивоа на власт, како и можност “сите во општеството”[21] да придонесат за превенција, ублажување, подготвеност, одговор и опоравок од катастрофалните настани. Имајќи го ова во предвид, во оваа група на заинтересирани лица се сите субјекти од системите за заштита и спасување и управување со кризи на локално ниво, вклучувајќи ги приватниот сектор, невладините организации, здруженијата на граѓаните, месните и урбаните заедници, општинската организација на Црвениот крст и др. кои имаат релативно висок интерес во областа и кои придонесуваат за зајакнување на отпорноста на локално ниво.

[21] Еден од водечките начела на Рамката за намалување на ризикот од катастрофи од Сендаи 2015 – 2030 е вклучувањето на сите во општеството во креирање и имплементација на соодветните политики, мерки и активности за намалување на ризикот од катастрофи.
https://www.preventionweb.net/sendai-framework/sendai-framework-at-a-glance

# 5. Општ профил на општините Крива Паланка и Ранковце[22]

Подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце се наоѓа во североисточниот дел од Република Северна Македонија, на трасата на Паневропскиот транспортен коридор 8 со вкупна површина од 721.52 км2 и население од 21,524 жители. Подрачјето на општините граничи со Република Србија на север, Република Бугарија на исток, општините Македонска Каменица, Кочани и Кратово на југ и Старо Нагоричане на запад. Седиштата на двете општини е во двете истоимени населени места, Крива Паланка и Ранковце и на подрачјето на општините има вкупно 52 населени места (34 на подрачјето на Крива Паланка и 18 на подрачјето на Ранковце) од кои сите се од рурален карактер, освен градот Крива Паланка.



Мапа – Подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце[23]

- ***Хидрографија, пошуменост и земјиште*** – Подрачјето на двете општини изобилува со хидролошки ресурси, вклучувајќи речни сливови, извори, акумулации. Најзначаен е сливот на Крива Река, со површина од 985 км2 и должина од 85 км, која тече на подрачјето на двете општини обезбедувајќи првенствено вода за Славишко поле. Во нејзиниот слив се влеваат сите останати реки од кои позначајни се Дурачка Река, Петуничка Река, Ранковечка Река, Ветуница и останати помали речни текови. Изградени се и три водени акумулации, и тоа Базјачко Брдо (14,100 м3) и Влашки Колиби (6,200 м3) на подрачјето на Крива Паланка и Отошница (88,000 м 3) во Ранковце. **Шумските комплекси** се значајни и зафаќаат 33% или 23,813 ха од нивната вкупна територија. Најзастапена е буковата шума, приближно 60% од шумите се во државна сопственост и се стопанисуваат од страна на ЈП Национални шуми – Подружница ШС Осогово – Крива Паланка, додека останатите шуми се во приватна сопственост. Шумите претежно економски се искористуваат за сеча, додека заштитната функција на шумите е многу мала. Најголем проблем за шумите покрај шумските пожари кои во најголем дел се предизвикани од човекот, претставува бесправната сеча која се зголемува секоја година. Намената на обработливото земјиште на подрачјето на двете општини е дадено во табелата подолу.

<table>
<tr><th>Општина</th><th>Ниви/ораници</th><th>Градини</th><th>Лозови насади</th><th>Овоштарници</th><th>Пасишта и ливади</th><th>Шуми</th></tr>
<tr><td>Крива Паланка</td><td>11,882</td><td>46</td><td>54</td><td>631</td><td>2,294</td><td>17,528</td></tr>
<tr><td>Ранковце</td><td colspan="2">8,757</td><td>11</td><td>104</td><td>5,163</td><td>6,285</td></tr>
</table>

Табела - Вкупна површина на земјиште по категории и во хектари на подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце

- ***Климатски услови*** - Подрачјето на двете општини се под влијание на умерено-континенталната клима со влијание од Егејското море преку долината на Крива Река, додека планинските делови се карактеризираат со планинска клима. Просечната температура е помеѓу 10.2°C и 11°C, најтопол месец е јули (20°C - 22°C), а најстуден е јануари со просечна вредност од -0,3°C до 0.3° C. Врнежите од дожд се со релативно висока вредност и тоа во ниската зона 662.4 – 633.5 мм, а во високата зона над 1,000 мм. Снежната покривка е од октомври до пролетните месеци, а на врвовите може да се задржи до јуни (на врвовите Руен и Царев Врв). Најзастапен е југозападниот ветер кој се јавува во текот на целата година.

- ***Демографски карактеристики*** – Според последниот Попис на населението и домаќинствата (2021)[24], вкупниот број на жители изнесува 21,524 жители (18,059 – Крива Паланка и 3,465 – Ранковце). Бројот на домаќинства и станови во Крива Паланка изнесува 6,984 и 11,614 последователно, додека бројките за Ранковце се следниве: 1,323 и 2,654. Од последниот попис, се уште не се обработени податоците по возрасни групи, но според претходниот од 2002 год., како и состојбата на терен, ранливите групи на граѓани се значителна категорија на граѓани и со тоа се зголемува нивната ранливост кон природните и од човек-предизвикани опасности. Друга карактеристиките на демографскиот развој на општината е високо присутната миграција, како внатрешната во другите градови во државата, така и надворешната, во странство, што придонесува за зголемената ранливост на населението на природните и од човек предизвикани опасности.

| Општина | Вкупно | Мажи | Жени | Македонци | Роми | Срби | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Крива Паланка | 18,059 | 9,302 | 8,757 | 16,675 | 447 | 66 | 871 |
| Ранковце | 3,465 | 1,828 | 1,637 | 3,055 | 143 | 14 | 253 |

Табела – Преглед на население на подрачјето на двете општини според род и национална застапеност (Попис 2021)

- ***Социо-економски развој*** – На подрачјето на двете општини најзастапено е земјоделството, а од економските гранки застапени се лесната индустрија (производство на градежни материјали, текстил, преработка на дрво и сл.), рударството, трговијата, услужните дејности, угостителството и др. Од аспект на економската активност, се уште преовладува високиот број на неактивно население, па така на пример, во Крива Паланка половина од населението е економски неактивно[25].

[22] Општиот профил на општините Крива Паланка и Ранковце е подготвен врз основа на отворени и достапни информации од интернет, веб страници на општините, како и од плански и други документи.
[23] Креирана со помош на Datawrapper https://app.datawrapper.de/chart/twtG3/upload

- ***Инфраструктура*** – Двете општини имаат поволна положба во однос на транспортот и комуникациите, бидејќи се наоѓаат на трасата на Пан-европскиот транспортен коридор 8 кој е главна сообраќајна артерија на нивното подрачје како за комуникација со останатите делови од државата, така и со соседната држава. Од друга страна, на подрачјето на двете општини има развиена мрежа на регионални и локални патишта и се обезбедува добра сообраќајна поврзаност со оглед на релјефните карактеристики и ридско-планинскиот терен. Така, на подрачјето на Крива Паланка има патишта во должина од 238 км, а во Ранковце од 79 км. Сообраќајната мрежа ќе се подобри со финализирањето и на железничката пруга од овој коридор, чии градежни работи се започнати во 90те години од минатиот век, но поради хроничен недостаток на финансиски средства не е завршена. Подрачјето на двете општини е добро покриено и со другите видови на инфраструктура, на пр. енергетска, теле и радио комуникациска, поштенска и сл. Важно е да се напомене дека низ нивното подрачје поминува и магистралниот гасовод од Република Бугарија на трасата Деве Баир – Куманово – Скопје, при што за градот Крива Паланка има приклучна станица за гасификација.

- ***Животна средина*** – Карактеристика на подрачјето на двете општини е разновидниот животински и растителен свет, и со цел за негова заштита, како и заштита на биодиверзитетот и пределската разновидност, Осоговските Планини се прогласени за заштитено подрачје[26]. Од друга страна постојат повеќе фактори кои ја деградираат и загадуваат животната средина, на пр. несоодветното одлагање на цврст отпад, постоењето на двете општински депонии кои имаат несоодветни практики, загадувањето на почвата и водата од јаловиштето на рудникот Тораница, прекумерната употреба на хемиски препарати и вештачки ѓубрива во земјоделството, деградацијата и ерозијата на почвите и загадувањето на подземните води и сл.

- ***Образование, здравје и култура*** – На подрачјето на двете општини функционираат три основни училишта со вкупно 15 подрачни училишта, едно средно училиште во Крива Паланка и една детска градинка со четири клона од кои еден е во Ранковце. Во Крива Паланка функционира и Здравствен дом, а постојат и повеќе приватни здравствени и стоматолошки ординации и аптеки. Во Крива Паланка функционира и Дневниот центар за деца со посебни потреби. На подрачјето на двете општини има голем број на знаменитости и културно-историски објекти од кои се издвојува манастирскиот комплекс Св. Јован Осоговски од 12 век.

---

[24] „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 - прв сет на податоци" (2021). https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=146
[25] https://www.krivapalanka.gov.mk/demografija
[26] https://tinyurl.com/3z5hzdwa

# 6. Профил на ризици и опасности за подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце

## 6.1 Општо за профилот на опасности

Според наодите и резултатите од практичната вежба од работилницата за стратешко планирање одржана на 18 мај 2022 година во Крива Паланка, во профилот на опасности за подрачјето на двете општини доминираат пожарите, поплавите, екстремните временски појави, заразните болести, сушите, како и другите потенцијални опасности, како што се свлекувањето на земјиштето, одроните, НУС, техничко-технолошките несреќи и земјотресот. Со оглед на фактот дека во наведениот период се уште е во сила прогласената кризна состојба на подрачјето на целата држава поради пандемијата на КОВИД-19, истате е внесена како опасност од петти, највисок степен. Последователно, за потребите на овој плански документ, профилот на опасности на општината е претставен преку матрицата на степенот на загрозеност на безбедноста во согласност со член 6 од Уредбата за Методологијата за изработка на проценета на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од проценета (Сл. Весник на РМ бр. 13/11).

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРВ СТЕПЕН** | (зелена) | **РЕДОВНА СОСТОЈБА**<br>(нема ризик) | **ЗЕМЈОТРЕС**<br>(Крива Паланка, Ранковце) |
| **ВТОР СТЕПЕН** | (сина) | **НИЗОК РИЗИК**<br>(редовна состојба со ретко манифестирани појави на загриженост) | **Пожар**<br>(Крива Паланка, Ранковце)<br>**Екстремни временски појави**<br>(Крива Паланка, Ранковце)<br>**Поплава**<br>(Крива Паланка, Ранковце)<br>**Заразни болести**<br>(Крива Паланка, Ранковце)<br>**Суша**<br>(Крива Паланка, Ранковце)<br>**Дриги опасности: свлекување на земјиште, одрони, НУС техничко-технолошки**<br>(Крива Паланка) |
| **ТРЕТ СТЕПЕН** | (жолта) | **ПОКАЧЕН РИЗИК**<br>(можен почеток на криза или кризна состојба) | |
| **ЧЕТВРТ СТЕПЕН** | (портокалова) | **ВИСОК РИЗИК**<br>(веројатност за почеток на криза или кризна состојба) | |
| **ПЕТТИ СТЕПЕН** | (црвена) | **НАЈВИСОК РИЗИК**<br>(загрозеност на виталните вредности и создадени услови за прогласување на криза или кризна состојба) | |

Табела - Степен на загрозеност на безбедноста на подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце

Впрочем, профилот на опасности се отсликува и во прегледот на поголемите настани кои се случиле во текот на изминатата деценија и половина претставени во табелата подолу.

**Табела - Преглед на случени настани на подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце во периодот 2007 - 2022[27]**

| | Вид на настан | Време | Место/локација | Општина | Човечки загуби | Опис | Штета (МКД) | Површина (ха) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Пожар** | 2007 | Подрачје на Општина Крива Паланка | Крива Паланка | / | Различни локации и зафатени различни видови шума | 4,783,300 | 308 |
| 2 | **Пожар** | 02.09.2009 | с. Ветуница | Ранковце | 1 | Опожарен објект | / | / |
| 3 | **Пожар** | 03.10.2011 | с. Радибуш | Ранковце | / | Опожарена шума | 2,283,000 | 60 |
| 4 | **Пожар** | 2012 | села: Баштево, Градец и Габар | Крива Паланка | / | Опожарена борова и дабова шума, домаќинство | / | 470 |
| 5 | **Пожар** | 05.09.2015 | с. Герман | Ранковце | / | Опожарена шума | / | 15 |
| 6 | **Пожар** | 2007 | села: Баштево, Градец и Габар | Крива Паланка | / | Голем број на шумски и пожари на отворено | / | 13 |
| 7 | **Пожар** | 24.08.2017 | с. Отошница | Ранковце | / | Опожарена шума | / | 300 |
| 8 | **Пожар** | 02.04.2019 | с. Петралица | Ранковце | / | Опожарена шума | / | 72 |
| 9 | **Пожар** | 10.2019 | села: Луке, Мала Црцорија, Осиче, Добровница, Крстов Дол | Крива Паланка | / | Опожарена шума и домаќинства | / | 162 |
| 10 | **Пожар** | 02.08.2021 | села: Мождивњак, Варовиште | Крива Паланка | / | / | / | / |
| 11 | **Екстремни временски појави** | 17.12.2011 | села: Трново, Дурачка Река, Жидилово, Огут | Крива Паланка | / | Интензивни снежни врнежи и навеви, отсечени села/населби | / | / |
| 12 | **Екстремни временски појави** | 2012 | села: Герман, Паклиште и Гулинце | Ранковце | / | Интензивни снежни врнежи и навеви, отсечени села/населби. Достава на намирници со хеликоптер | / | / |
| 13 | **Екстремни временски појави** | 09.03.2015 | с. Дренак | Крива Паланка | / | Интензивни снежни врнежи и навеви, отсечено село | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **14** | **Екстремни временски појави** | 26.02.2018 | села: Габар, Нерав, Дренак, Метежево, Огут | Крива Паланка | / | Интензивни снежни врнежи и навеви, отсечени села/населби | / | / |
| **15** | **Екстремни временски појави** | 05.02.2020 | села: Нерав, Дренак, Огут | Крива Паланка | / | Интензивни снежни врнежи и навеви, отсечени села/населби | / | / |
| **16** | **Поплава** | 23.01.2015 | Пошироко подрачје на општината | Крива Паланка | / | Поплавени се делови од градот и селата по течението на Крива Река: Огут, Нерав, Дурачка Река, Мождивњак, со штети на инфраструктурата и домаќинствата | / | / |
| **17** | **Поплава** | 23.01.2015 | Пошироко подрачје на општината | Ранковце | / | Поради обилни врнежи на дожд надојдени биле Крива Река, Ранковечка, Отошничка и Блидеж и при тоа се поплавени домаќинства, објекти, земјоделско земјиште и оштетена е локална инфраструктура | 4,226,000 | / |
| **18** | **Поплава** | 05.06.2017 | села: Ветуница, Отошница, Герман | Ранковце | / | Оштетена локална инфраструктура и објекти | 325,000 | / |
| **19** | **Поплава** | 02.12.2017 | села: Жидилово, Узем, Огут, Станци | Крива Паланка | / | Поплавени домаќинства и оштетена локална инфраструктура | / | / |
| **20** | **Поплава** | 02.12.2017 | села: Ветуница, Отошница, Одрено | Ранковце | / | Оштетена локална инфраструктура и објекти | / | / |
| **21** | **Поплава** | 14.06.2019 | г. Крива Паланка и села: Дрење, Осиче, Дурачка река | Крива Паланка | / | Уништени земјоделски насади од град и пороен дожд | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **22** | **Заразни болести** | 2008 | Подрачје на двете општини | Крива Паланка и Ранковце | / | Епидемии на заушки Потврдени заболени лица: 179 | / | / |
| **23** | **Заразни болести** | 10.2016 | Подрачје на Општина Крива Паланка | Крива Паланка | / | Епидемија на варичела Потврдени заболени лица: 331 | / | / |
| **24** | **Заразни болести** | 9.2019 | Подрачје на Општина Крива Паланка | Крива Паланка | / | Епидемија на варичела Потврдени заболени лица: 298 | / | / |
| **25** | **Заразни болести** | 03.2020 и 04.2022 | Подрачје на двете општини | Крива Паланка и Ранковце | 125 | Пандемија на КОВИД-19 Потврдени заболени лица: 2,408 | 325,000 | / |
| **26** | **Лизгање на земјиштето/ одрони** | 07.04.2015 | с. Жидилово | Крива Паланка | / | Загрозени објекти | / | 0.4 |
| **27** | **Лизгање на земјиштето/ одрони** | 05.03.2016 | с. Дурачка Река | Крива Паланка | / | Оштетен локален пат и комуникација со с. Дренак | / | / |
| **28** | **Лизгање на земјиштето/ одрони** | 24.08 и 25.10.2018 | Рудник Тораница | Крива Паланка | / | Одрон на карпи во рудникот, еден загинат и повредени 2 рудари | / | / |
| **29** | **Лизгање на земјиштето/ одрони** | 27.07.2019 | Рудник Тораница | Крива Паланка | / | Одрон на карпи во рудникот, повредени 2 рудари | / | / |

[27] Прегледот на случени настани на подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце во периодот 2007 – 2022 е подготвен врз основа на резултатите од практичната вежба од работилницата за стратешко планирање одржана на 18 мај 2022 година.

## 6.2 Природни и од човек предизвикани опасности

- **Пожари** - На подрачјето на општините карактеристични се сите видови на пожари (шумски, на отворен простор и на објекти) и истите во изминатиот период предизвикале човечки жртви и голема материјална штета, како по шумскиот фонд, така по домаќинствата и стопанските објекти. Причините за нивната појава се различни, но човечкиот фактор е најприсутен. Шумските и пожарите на отворено се најчести во текот на пролетно-летниот период, додека пожарите на објекти во текот на есенско-зимниот период т.е. за време на грејната сезона. Посебно се изложени шумските комплекси, особено со зимзелени дрвја, пасиштата и подрачјата со ниска вегетација, како и густо населените подрачја во градот и селата. Со оглед на климатските промени, како и продолжените периоди на суша и високи температури, се очекува пожарите да претставуваат опасност и во наредниот период. Последователно се применуват мерките за заштита и спасување од пожари[28].

- **Поплави** – Подрачјето на двете општини е изложено на поплави од излевање на реките: Крива Река, Дурачка Река, Огутска Река, Латковица, Псачница, Отошничка, Ветуничка Река, Ранковечка Река, како и од излевање на водотеците и пороите, рушење на браната на хидројаловиштето на рудникот Тораница и на акумулацијата Отошница. Поплавите најчесто се случуваат во пролетно-летниот период и со оглед на влијанието на климатските промени, се очекува да доминираат со профилот на опасности и во наредниот период, со почести и интензивни настани со поголема магнитуда и последици по населението, домаќинствата и стопанството. Последователно се применуваат мерки за заштита и спасување од поплави[29].

- **Екстремни временски појави** – Карактеристични за подрачјето на двете општини се снежните врнежи и снежните наноси, како и невреме изразено со луња и град. Првите се појавуваат во текот на зимските месеци и придонесуваат за потешкотии во одвивањето на регионалниот и локалниот сообраќај, прекин на комуникациите и отсеченост на селските населби на повисока надморска височина, додека вторите се карактеристични за пролетно-летниот период и резултираат со штети и загуби во земјоделството и локалната инфраструктура во однос на вторите.

- **Заразни болести** – До појавата на пандемијата на КОВИД-19, заразните болести беа вообичаени за подрачјето на регионот и државата, но со продолженото траење на пандемијата и досега невидените последици по општеството и заедниците, се искачија повисоко на профилот на опасности на двете општини.

---

[28] https://tinyurl.com/n6xkb6j3, [29] https://tinyurl.com/38hudsaz, [30] https://tinyurl.com/ynmdep7e,
[31] https://tinyurl.com/2meaptkh, [32] https://tinyurl.com/yc47e4tb

- **Други опасности (свлекување на земјиште и одрони, НУС)** – Првите се особено присутни на подрачјето на општина Крива Паланка со оглед на карактеристиките на рељефот и теренот, додека вторите се остаток од претходните војни во 20от век. Лизгањето на земјиштето и поголемите одрони се случуваат најчесто во пролет или есен, но оваа појава е можна и во другите сезони, во случај на појава на поројни дождови. Лизгањето на земјиштето и поголемите одрони во минатото неколку пати имале трагични последици по рудникот и извршиле прекин на сообраќајот на патиштата, и предизвикале големи оштетувања. За НУС се применуваат мерките за заштита и спасување од неексплодирани убојити средства[30].

- **Од човек предизвикани опасности** – Во оваа категорија спаѓаат сообраќајните несреќи, техничко-технолошките несреќи. Се применуваат соодветните мерки за заштита и спасување од сообраќајни несреќи[31] и од техничко-технолошки несреќи[32].

## 6.3 Матрица на хронични стресови и акутни шокови за подрачјето на општинита Крива Паланка и Ранковце[33]

Оваа матрица хронични стресови и акутни шокови е насочена кон разбирање на идните трендови на отпорноста[34] за подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце, преку поддршка на профилирањето на опасностите и ризиците, разбирањето на изложеноста и ранливоста и на основните фактори на ризикот, како и останатите надворешни и внатрешни влијанија. Хроничните стресови и акутните шокови наведени во табелата подолу влијаат врз реализацијата на основните функции на општината вклучително и испораката на општинските услуги, како и врз отпорноста на заедницата и граѓаните. Затоа е неопходно да се идентификуваат и последователно преку предвидените мерки и активности да се реагира на нивно намалување.

| Хронични стресови | Акутни шокови |
|---|---|
| • Намалување на населението и негово стареење;<br>• Зголемена стапка на иселување;<br>• Висока стапка на невработеност;<br>• Зголемена социјална нееднаквост;<br>• Неправилна урбанизација;<br>• Непочитување на градежната регулатива при изградба на објекти;<br>• Хроничен недостаток на финансиски средства;<br>• Стара и дотраена општинска инфраструктура;<br>• Зголемена деградација на животната средина;<br>• Климатски промени;<br>• Суша;<br>• Не се вклучени решенија засновани врз природата[35] за намалување на ризикот од катастрофи<br>• Енергетска криза. | • Пожари;<br>• Поплави;<br>• Екстремни временски настани;<br>• Земјотрес;<br>• Невреме проследено со град;<br>• КОВИД-19 пандемија;<br>• Дефекти на комуникациската и енергетската инфраструктура;<br>• Несреќи во сообраќајот на патиштата:<br>• Техничко-технолошки инциденти и несреќи. |

[33] Матрицата на хронични стресови и акутни шокови за подрачјето на општинита Крива Паланка и Ранковце е подготвена врз основа на резултатите од практичната вежба од работилницата за стратешко планирање одржана на 18 мај 2022 година.

[34] Под отпорност во смислата на овој документ се подразбира способноста на системот, заедницата или општеството кои се изложени на опасности да одолеат, апсорбираат, прилагодат, трансформираат и обноват од ефектите на опасностите навремено и ефикасно, вклучително и зачувувањето и обновувањето на нивните основни структури и функции преку управувањето со ризикот. Извор: Терминологија на УНДРР https://tinyurl.com/2aa4c4zd

# 6.4 СВОТ Анализа[36]

| | Силни страни | Слаби страни |
|---|---|---|
| **Надворешни фактори** | • Добра досегашна соработка за заштита и спасување и противпожарна дејност.<br>• Добра координација и соработка на меѓуопштинско ниво.<br>• Мотивиран и професионален персонал.<br>• Стручност на надлежните служби.<br>• Позитивно досие на досегашни реализирани одговори на катастрофи и кризи.<br>• Донесени и редовно ажурирани процени на загрозеност и од сите видови на ризици и опасности и основни плански документи.<br>• Здобиено искуство за време на одговорот и раниот опоравок од последиците на пандемијата на КОВИД-19.<br>• Пристап до фондови за реализација на проекти за намалување на ризици од катастрофи.<br>• Поволна географска положба. | • Недоволно финансирање и реализација на мерки и активности за намалување на ризикот од катастрофи.<br>• Недостаток на човечки и материјално-технички ресурси.<br>• Недостаток на специјализирана опрема за заштита и спасување.<br>• Недоволна вклученост на родовите аспекти и потребите на ранливите категории на граѓани.<br>• Недоволна едукација и обука на населението за заштита и самозаштита при катастрофи и кризи.<br>• Предметната област не е доволно вклучена во стратешките програмските и планските документи и интервенции на локално ниво. |
| | **Можности** | **Закани** |
| **Внатрешни фактори** | • Реализирање на мерки и активности за професионална едукација и оспособување на персоналот.<br>• Јакнење на свеста и едукација на населението за заштита и самозаштита при катастрофи и кризи.<br>• Реализирање на мерки и активности за намалување на ризици ос катастрофи преку регионални или прекугранични програми.<br>• Воспоставување на партнерство и соработка со приватниот сектор за креирање на локални политики и реализирање на активности за намалување на ризици од катастрофи.<br>• Вклученост на невладиниот сектор и граѓанските организации. | • Недостаток на финансиски средства за набавка на опрема, професионална едукација и тренинг и реализација на превентивни мерки и активности.<br>• Одлив на стручен кадар од субјектите на локално ниво и непостоење на механизам за зголемување на интересот за професионален ангажман во наведената област.<br>• Пандемија на Ковид-19.<br>• Влијание на климатските промени.<br>• Енергетска криза и несигурност на пазарите на услуги и добра. |

[35] **Решенија засновани на природата (Nature based Solutions)** се активности за заштита, одржливо управување и обновување на природните или модифицираните екосистеми, кои ефикасно и прилагодливо ги решаваат општествените предизвици (на пр. климатски промени, безбедност на храната и водата или природни катастрофи), истовремено обезбедувајќи ја човековата благосостојба и придобивките од биодиверзитетот. https://www.iucn.org/sites/dev/files/content/documents/adapt_flyer_mac_web.pdf

[36] СВОТ анализата е подготвена врз основа на резултатите од практичната вежба од работилницата за стратешко планирање одржана на 18 мај 2022 година.

# 7. Визија, мисија и цел на меѓуопштинскиот стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце

**ВИЗИЈА**

Општините Крива Паланка и Ранковце преку заедничка соработка за намалување на ризиците од катастрофи обезбедуваат одржлив и отпорен развој и благосостојба за сите граѓани.

**МИСИЈА**

Воспоставување на ефикасна и ефективна меѓуопштинска соработка за намалување на ризиците од катастрофи на подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце преку превенција и ублажување на постојните и новите ризици, подобрена подготвеност, навремен и соодветен одговор и брз оправок.

**ГЛАВНА ЦЕЛ**

До 2026 година, во општините Крива Паланка и Ранковце значително се намалени ризиците од катастрофи преку навремена, ефикасна и ефективна меѓуопштинска соработка реализирана од локални, компетентни и одржливи ресурси и реализација на локално и меѓуопштинско прилагодени политики, мерки и активности

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

**Стратешки приоритет 1:**
**Подобрено разбирање и управување со ризиците на локално и меѓуопштинско ниво**

**1.1** Рамка за меѓуопштинска соработка за намалување на ризици од катастрофи
**1.2** Интегрирана мулти-хазард, мулти-ризик и мулти-секторска процена и планска документација за подрачјето на двете општини
**1.3** Вклучување на намалувањето на ризици од катастрофи во стратешкото и развојното планирање на локално и меѓуопштинско ниво

**Стратешки приоритет 2:**
**Инвестиции во превенцијата и ублажувањето на постојните и новите ризици**

**2.1** Реализација на структурни и не-структурни мерки и работи за превенција на постоечките и ублажување на идните ризици
**2.2** Градење на култура на отпорност на граѓаните на Крива Паланка и Ранковце

**Стратешки приоритет 3:**
**Зајакната подготвеност за навремен, ефикасен и ефективен одговор и брз оправок од несреќи и катастрофи**

**3.1** Зајакнување на подготвеноста за одговор на катастрофи на локално и меѓуопштинско ниво
**3.2** Едукација и тренинг за заштита и самозаштита на сите граѓани
**3.3** Навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи
**3.4** Осигурување на брз и отпорен опоравок на општините Крива Паланка и Ранковце и нивните граѓани

## ОСНОВНИ ПОСТУЛАТИ НА МЕЃУОПШТИНСКИОТ ПЛАН ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ НА ОПШТИНИТЕ КРИВА ПАЛАНКА И РАНКОВЦЕ

• Основите на Меѓуопштинскиот стратешки план за НРК се наоѓаат во постоечката нормативна и институционална рамка за НРК, регионалните и локалните стратешки, програмски и плански документи, како и глобалните механизми за одржлив и отпорен развој, а кои Република Северна Македонија ги прифатила.

• Меѓуопштинскиот стратешки план за намалување на ризици од катастрофи предвидува мерки и активности во сите фази на циклусот на намалувањето на ризици од катастрофи (превенција/ублажување, подготвеност, одговор и опоравок).

• Пристапот кон реализацијата на стратешките цели и приоритети е насочен кон сите опасности и ризици врз основа на меѓуопштинска и мултисекторска соработка.

• Целите на Меѓуопштинскиот стратешки план за намалување на ризици од катастрофи се поврзани со глобалните, националните, регионалните и локалните стратешки документи, програми и планови.

• Реализацијата на планот е во првенствена одговорност на субјектите за заштита и спасување и управување со кризи на локално и регионално ниво, но според начелото за вклученост на целото општество/заедницата, во неговата реализација се предвидува активно да бидат вклучени сите субјекти на локално и меѓуопштинско ниво и граѓаните.

• Процесот на идентификација, реализација и следење на активностите е инклузивен и партиципативен, при што никој нема да биде оставен зад себе.

• Меѓуопштинскиот стратешки план за намалување на ризици од катастрофи има две фази на реализација:

- Краткорочна фаза (2022/2023);
- Среднорочна фаза (2023/2026).

• Приоритетите се засноваат на мерки и активности кои се реални и прагматични и можат да се реализираат врз основа на расположливите средства и ресурси на општините, врз основа на меѓуопштинската соработка и во партнерство со други општини, субјекти, државни институции, прекуграничната и меѓународната соработка.

• Мерките за заштита и спасување соодветно се вградени во соодветните мерки и активности.

• Реализацијата на мерките и активностите никого не остава сам.

• Стратешките приоритети се реални, остварливи и придонесуваат за остварување на главната визија на овој план.

• во рамките на мерките и индивидуалните активности, се утврдуваат и носителите и генералните партнерски институции.

• За секоја активност, дадена е индикатор на успешност/очекуван резултат, временска рамка за спроведување, како и проценка на трошоците за нејзино спроведување и потенцијалниот извор на финансирање.

• Проценката на финансирање е определена на три нивоа – мал буџет: 🪙, среден буџет: 🪙🪙 и висок буџет: 🪙🪙🪙. Дефинирањето на потребните финансиски средства ќе се определува на годишно ниво, преку буџетот на ЕЛС; буџетите на РСМ и другите субјекти, како и донаторското учество.

• Со оглед на фактот дека ова е прв план од овој тип, за пристапот на намалување на ризици од катастрофи, задоволителна е и реализацијата на половина од предвидените мерки.

# 8. Меѓуопштински стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце 2022 - 2026 (Акциски план)

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: ПОДОБРЕНО РАЗБИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ НА ЛОКАЛНО И МЕЃУОПШТИНСКО НИВО**

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1 Рамка за меѓуопштинска соработка за намалување на ризици од катастрофи**

| | АКТИВНОСТ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ИНДИКАТОР(И) | НОСИТЕЛ(И)/ ВКЛУЧЕНИ СТРАНИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ИЗНОС МКД | ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ | РНРКС/ ЦОР[37] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Воспоставување на нормативна рамка за меѓуопштинската соработка за НРК** | • Потпишан и усвоен Договор за меѓуопштинска соработка;<br><br>• Донесена одлука за финансирање на меѓуопштинската соработка за НРК. | • Договор за меѓуопштинска соработка за НРК;<br><br>• Одлука за финансирање на меѓуопштинската соработка за НРК. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце | 2022 | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце | Приоритет 1<br>Приоритет 2<br><br>ЦОР 11 |
| 2 | **Воспоставување и функционирање на Координативна група за меѓуопштинска соработка за НРК[38]** | • Донесена одлука за формирање на инклузивна Координативната група;<br><br>• Донесен Деловник за работа и програма на Координативната група за меѓуопштинска соработка за НРК;<br><br>• Континуирано функционирање на Координативната група. | •Одлука за формирање на Координативна група;<br><br>•Деловник за работа на Координативната група;<br><br>• Програма за работа на Координативната група.<br><br>• Квартални состаноци и состаноци по потреба на Координативната група. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, РЦУК КП и субјектите на локално ниво | 2022 | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце | Приоритет 1<br>Приоритет 2<br><br>ЦОР 11 |
| 3 | **Едукација на координативната група и претставниците на вклучените субјекти за меѓуопштинска соработка за НРК** | • Спроведена обука за заштита и спасување;<br><br>• Спроведена обука за современиот пристап за намалување на ризици од катастрофи;<br><br>• Онлајн обука за управување со кризи на веб платформата за учење https://opstinski.mk | • 12 учесници/чки на предвидените обуки. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, РЦУК КП | 2022, 2025 | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце | Приоритет 1<br>Приоритет 2<br><br>ЦОР 11 |

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2: Интегрирана мулти-хазард, мулти-ризик и мулти-секторска процена и планска документација за подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце**

| | АКТИВНОСТ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ИНДИКАТОР(И) | НОСИТЕЛ(И)/ ВКЛУЧЕНИ СТРАНИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ИЗНОС МКД | ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ | РНРКС/ ЦОР[37] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | **Редовно ажурирање на процени на загрозеност од ризици и опасности** | • Идентификувани се ризиците и опасностите на подрачјето на двете општини на инклузивен и партиципативен начин;<br><br>• Редовно е ажурирана Процената на загрозеност на општините Крива Паланка и Ранковце од природни опасности и други несреќи;<br><br>• Редовно е ажурирана Процената на загрозеност на подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце. | • Четири координативни состаноци со субјектите на локално ниво;<br><br>• Тековно ажурирање на процените во согласност со нормативната рамка. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, ДЗС, РЦУК КП, ЦУК, како и вклученост на локалните субјекти | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, буџет на ЦУК, буџет на ДЗС | Приоритет 1<br>Приоритет 2<br><br>ЦОР 11<br>ЦОР 13 |
| 5 | **Подготовка и донесување на планска документација во сегментот на НРК[38]** | • Подготвена и донесена е планската документација во сегмент на НРК на инклузивен и партиципативен начин;<br><br>• Ажуриран е Планот за заштита и спасување на општините Крива Паланка и Ранковце од природни непогоди и други несреќи;<br><br>• Донесен и ажуриран е оперативниот план за заштита и одбрана од поплави;<br><br>• Донесен е Планот за заштита од пожари на подрачјето на двете општини; | • Координативни состаноци со субјектите на локално ниво;<br><br>• Тековно донесување и/или ажурирање на планската документација. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, ДЗС, РЦУК КП, ЦУК, МЖСПП, МЗШВ, МЗ, ЦЈЗ, ТППЕ, др. субјекти. | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, буџет на ЦУК, буџет на ДЗС, буџет на МЖСПП, донатори | Приоритет 1<br>Приоритет 2<br><br>ЦОР 11<br>ЦОР 13 |

[37] Во оваа колона се реферира на соодветните приоритети од Рамката за намалување на ризици од катастрофи од Сендаи 2015 – 2020 (РНРК) и цели за одржлив развој (ЦОР) од Агендата за одржлив развој 2030.

[38] Во понатамошниот текст: Координативната група.

| | АКТИВНОСТ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ИНДИКАТОР(И) | НОСИТЕЛ(И)/ ВКЛУЧЕНИ СТРАНИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ИЗНОС МКД | ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ | РНРКС/ ЦОР[37] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | | • Донесен е оперативниот план за заштита од природни непогоди во зимски услови;<br><br>• Донесена е годишната Програма за активности во областа на противпожарната заштита;<br><br>• Ажуриран е оперативниот план за справување со појавата на заразната болест КОВИД-19 кај луѓето;<br><br>• Донесена е Програмата за спроведување на општи мерки на заштита на населението од заразни болести на подрачјето на двете општини. | | | | | | |
| 6 | **Изработка и публикување на мапи на опасности и ризици за подрачјето на двете општини** | • Изработени, публикувани и јавно достапни се мапи на опасности и ризици за подрачјето на двете општини на општинските веб страници (krivapalanka.gov.mk и rankovce.gov.mk), социјални медиуми, како и на други интерактивни платформи | • Четири мапи на опасности и четири мапи на ризици за подрачјето на двете општини. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, ДЗС, РЦУК КП, ЦУК, приватен сектор, др. субјекти. | 2023 |  | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 1<br><br>ЦОР 11 |
| | **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.3: Вклучување на намалувањето на ризици од катастрофи во стратешкото и развојното планирање на локално и меѓуопштинско ниво** | | | | | | | |
| | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **ИНДИКАТОР(И)** | **НОСИТЕЛ(И)/ ВКЛУЧЕНИ СТРАНИ** | **ВРЕМЕНСКА РАМКА** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** | **РНРКС/ ЦОР[37]** |
| 7 | **Вклучување на намалувањето на ризици од катастрофи на локално и меѓуопштинско ниво** | • Реализирана обука на општинските администрации и Координативната група за вклучување на НРК во стратешките и развојните програми, планови и клучни сектори на локално и меѓуопштинско ниво;<br><br>• Идентификувани се клучните стратешки програмски и развојни документи за вклучување на НРК на локално и меѓуопштинско ниво;<br><br>• Донесени се клучните стратешки и развојни програмски и плански документи од клучните сектори. | • Четири обуки за вклучување на НРК на локално и меѓуопштинско ниво.<br><br>• 12 стручни лица се обучени.<br><br>• Три стратешки и развојни програмски и плански документи од три клучни сектори. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, ДЗС, РЦУК КП, ЦУК, МЖСПП, МЗШВ, МТВ, донатори, приватен сектор, др. субјекти. | 2023 – 2026 континуирано |  | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 1<br>Приоритет 2<br><br>ЦОР 11<br>ЦОР 13 |
| | **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: ИНВЕСТИЦИИ ВО ПРЕВЕНЦИЈАТА И УБЛАЖУВАЊЕТО НА ПОСТОЈНИТЕ И НОВИТЕ РИЗИЦИ** | | | | | | | |
| | **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.1: Реализација на структурни и не-структурни мерки и работи за превенција на постоечките и ублажување на идните ризици[39]** | | | | | | | |
| | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **ИНДИКАТОР(И)** | **НОСИТЕЛ(И)/ ВКЛУЧЕНИ СТРАНИ** | **ВРЕМЕНСКА РАМКА** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** | **РНРКС/ ЦОР[37]** |
| 8 | **Реализација на структурни мерки за заштита од пожари на отворено, шумски пожари и пожари на објекти** | • Изградени се просеки за заштита од ширењето на шумските пожари;<br><br>• Изградени се зафати на водотеците во шумските предели и обезбедена е вода за гасење;<br><br>• Изградена е или реновирана е хидрантска мрежа за гасење на пожари на приоритетни општински објекти;<br><br>• Изградена е улична хидрантска мрежа за гасење на критичните места во Крива Паланка. | • Пресеки со должина во км на четири критични локации.<br><br>• Број на зафати со волумен на обезбедена вода за гасење на шумски пожари.<br><br>• Должина во м на хидрантска мрежа.<br>• Број на хидранти/ приклучоци.<br><br>• Број на објекти со хидрантска мрежа. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со НШ ШС Осогово, ЈП, ПО ДЗС, ТППЕ Крива Паланка и ТППЕ Ранковце, др. субјекти на локално ниво | 2023 – 2026 континуирано | <br> | Буџет на НШ ШС Осогово, буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори, субјекти на локално ниво | Приоритет 3<br><br>ЦОР 9<br>ЦОР 11<br>ЦОР 13<br>ЦОР 15 |
| 9 | **Реализирање на структурни мерки за заштита од поплави** | • Проширени и уредени се речните корита и бреговите редовно се чистат на критичните места;<br><br>• Изградени се заштитни насипи на критичните точки;<br><br>• Поројните водотеци и канали на критичните места се исчистени и уредени; | • Број на критични места.<br><br>• Должина во м на исчистени, уредени речни корита и брегови, поројни водотеци и канали и канали за наводнување. | ЕЛС Крива Паланка во соработка со ЈП, ПО ДЗС КП, МЗШВ, МЖСПП, приватен сектор, др. локални субјекти, донатори | 2023 – 2026 континуирано | <br><br> | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, буџет на РСМ, буџет на ЈП Водостопанство, донатори | Приоритет 3<br><br>ЦОР 9<br>ЦОР 11 |

[39] Мерки за заштита и спасување од пожари, поплави, неексплодирани убојни и експлозивни средства.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | **Реализација на структурни мерки за стабилизација на терент и санирање на одрони, свлечишта и ерозии на приоритетни локации** | • Реализирани градежни активности за стабилизација на теренот и санирање на одрони, свлечишта и ерозии на приоритетни локации. | • Реализирани се мерки на најмалку 2 свлечишта, одрони и ерозии на приоритетни локации. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со НШ ШС Осогово, ЈП, ПО ДЗС КП, ДЗС, РЦУК КП, ЦУК, МТВ, МЖСПП, приватен сектор, донатори | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, буџет на РСМ, донатори | Приоритет 3<br><br>ЦОР 9<br>ЦОР 11 |
| 11 | **Инсталација и одржување на инфраструктура за брзо напуштање на јавните објекти** | • Панична инсталација и инфраструктура за брзо напуштање на јавните објекти е инсталирана и редовно одржувана во сите објекти во општинска сопственост на подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце. | • Број на објекти и локации.<br><br>• Тип и вид на панична инсталација и инфраструктура. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ОО ЦК Крива Паланка, МОН, др. субјекти, донатори | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, буџет на РСМ, донатори | Приоритет 3<br><br>ЦОР 4<br>ЦОР 11 |
| 12 | **Реализација не-структурни мерки за заштита од пожари на отворено, шумски пожари и пожари на објекти** | • Поставени се информативни табли за забрана на палење на стрништа се поставени на жешките точки;<br><br>• Поставени се информативни табли за опасност од шумски пожари/забрана за палење на оган на жешките точки;<br><br>• Редовно се отстранува тревата и вегетацијата покрај локалните сообраќајници;<br><br>• Изработени се потребните проекти за противпожарна заштита и хидрантска мрежа. | • 20 информативни табли за забрана на палење стрништа на жешките точки.<br><br>• 30 информативни табли за опасност од шумски пожари/забрана за палење на оган на жешките точки.<br><br>• Исчистена површина во м2.<br><br>• 3 изработени проекти. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со НШ ШС Осогово, ЈП, ПО ДЗС, ТППЕ Крива Паланка и ТППЕ Ранковце, др. субјекти на локално ниво | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на НШ ШС Осогово, буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори, субјекти на локално ниво | Приоритет 3<br><br>ЦОР 11<br>ЦОР 13<br>ЦОР 15 |
| 13 | **Реализација на не-структурни мерки за заштита од поплави** | • Изработена е проектна документација за уредување/проширување на речните корита и поројните водотеци и канали, како и каналите за наводнување според приоритетна програма;<br><br>• Проектната документација е изработена во согласност со пристапот на Решенија засновани врз природата. | • 6 проектни документи во согласност со пристапот на Решенија засновани врз природата. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ЈП Водостопанство, МЗШВ, МЖСПП, ЈП, ПО ДЗС КП, ДЗС, РЦУК КП, ЦУК, приватен сектор, | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, буџет на РСМ, буџет на ЈП Водостопанство, донатори | Приоритет 3<br><br>ЦОР 11<br>ЦОР 13 |
| 14 | **Реализација на не-структурни мерки за стабилизација на терент и санирање на одрони, свлечишта и ерозии на приоритетни локации** | • Пошумување на приоритетните локации и јавните простори;<br><br>• Изработена е проектна документација за стабилизација на теренот и санирање на одрони, свлечишта и ерозии на приоритетни локации според приоритетната листа на инвестиции;<br><br>• Проектната документација е изработена во согласност со пристапот на Решенија засновани врз природата. | • Број на локации за пошумување.<br><br>• Вид на садници.<br><br>• Број на садници.<br><br>• 2 проектни документи во согласност со пристапот на Решенија засновани врз природата. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со НШ ШС Осогово, ЈП, ПО ДЗС КП, ДЗС, РЦУК КП, ЦУК, МТВ, МЖСПП, приватен сектор, донатори | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, ЈП, НШ ШС Шар, приватен сектор, донатори | Приоритет 3<br><br>ЦОР 11 |
| 15 | **Редовна проценка на степенот на заштита од пожари на домаќинствата на лицата од ранливите категории на граѓани** | • Извршена е проценка на степенот на заштита од пожари на лица од ранливите категории на граѓани. | • 40 домаќинства на лица од ранливите категории на граѓани.<br><br>• 120 лица. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ТППЕ Крива Паланка и ТППЕ Ранковце, ПО ДЗС КП | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце | Приоритет 3<br><br>ЦОР 11 |

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.2: Градење на култура на отпорност на граѓаните на Крива Паланка и Ранковце**

| | АКТИВНОСТ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ИНДИКАТОР(И) | НОСИТЕЛ(И)/ ВКЛУЧЕНИ СТРАНИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ИЗНОС МКД | ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ | РНРКС/ ЦОР[37] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | **Навремено информирање и активно вклучување на граѓаните, вклучувајќи ги и ранливите категории на граѓани во локалните и меѓуопштинските политики и активности за намалување на ризикот од катастрофи** | • Изработена е дигитална мапа на ранливите категории на граѓани на подрачјето на двете општини.<br><br>• Вклучени се претставници на ранливите категории на граѓани во подготовката на процените и планските документи.<br><br>• Спроведени се активности за јакнење на свеста и знаењето за НРК на ранливите категории граѓани. | • Една дигитална мапа на ранливите категории на граѓани на подрачјето на двете општини.<br><br>• Редовни координативни состаноци.<br><br>• Четири настани за јакнење на свеста и знаењето за НРК со учество на мин. 40 граѓани од ранливите категории. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ДЗС, ЦУК, ЈП, општински установи, МТСП, ОО ЦК, НВО, донатори | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 3<br>Приоритет 4<br><br>ЦОР 3<br>ЦОР 11<br>ЦОР 13 |
| 17 | **Континуирано информирање и едукација на населението од Крива Паланка и Ранковце за НРК** | • Воспоставена е меѓуопштинска платформа за реализација на едукација на населението од двете општини.<br><br>• Реализирани се редовни годишни настани на 13-ти октомври на Меѓународниот ден за НРК (тематски дискусии, отворен ден на ЕЛС и ТППЕ за граѓаните и сл.).<br><br>• Редовно се реализирани активности за подигање на јавната свест за НРК, вклучувајќи го и прилагодувањето на климатските промени преку интерактивни содржини на општинската веб страница, поставување на илустрирани постери, јавни предавања и ср.<br><br>• Формирани се 2 тима за врсничка едукација на теми за НРК и се реализирани активности за подигнување на свеста и знаењето на младите. | • Една меѓуопштинска платформа за НРК.<br><br>• 20 учесници на отворениот ден.<br><br>• 2 иницијативи на годишно ниво.<br><br>• 8 лица се членови на тимот за врсничка едукација. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ТППЕ Крива Паланка и Ранковце, НВО, др. субјекти, ОО ЦК, донатори | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 2<br>Приоритет 4<br><br>ЦОР 3<br>ЦОР 11<br>ЦОР 13 |
| 18 | **Јакнење на знаењето и капацитетот за НРК на членовите на локалните совети за превенција и советодавните групи на граѓани во урбаните и месните заедници на подрачјето на двете општини** | • Јакнење на знаењето и капацитетот за НРК на членовите на локалните совети за превенција;<br><br>• Јакнење на знаењето и капацитетот за НРК на членовите на советодавните групи на граѓани во урбаните и месните заедници. | • 12 членови на локалните совети.<br><br>• 48 граѓани-членови на советодавните групи.<br><br>• 12 урбани и месни заедници. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ТППЕ Крива Паланка и Ранковце, МВР, донатори | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 2<br>Приоритет 4<br><br>ЦОР 11<br>ЦОР 13 |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: ЗАЈАКНАТА ПОДГОТВЕНОСТ ЗА НАВРЕМЕН, ЕФИКАСЕН И ЕФЕКТИВЕН ОДГОВОР И БРЗ ОПОРАВОК ОД НЕСРЕЌИ И КАТАСТРОФИ**

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.1: Зајакнување на подготвеноста за одговор на катастрофи на локално и меѓуопштинско ниво**

| | АКТИВНОСТ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ИНДИКАТОР(И) | НОСИТЕЛ(И)/ ВКЛУЧЕНИ СТРАНИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ИЗНОС МКД | ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ | РНРКС/ ЦОР[37] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | **Изработка и ажурирање на планови за заштита и спасување за сите објекти под општинска надлежност** | • Донесени или ажурирани Планови за заштита и спасување на општинските институции на подрачјето на двете општини. | • Број на општински институции со планови за заштита и спасување. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, ЈП, општински институции, ПО ДЗС КП | 2023 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, буџет на општински институции | Приоритет 4<br><br>ЦОР 11<br>ЦОР 13 |
| 20 | **Зајакнување на капацитетите на општинските штабови за заштита и спасување со кризи преку професионална едукација и тренинг** | • Годишна обука со цел за зајакнување на знаењето и капацитетите на членовите на општинските штабови.<br><br>• Воспоставување на оперативен центар на меѓуопштинско ниво и негово инфраструктурно уредување и набавка на потребна опрема. | • 16 членови на штабовите.<br><br>• Реализирана редовна обука.<br><br>• Воспоставен меѓуопштински оперативен центар.<br><br>• Спецификација на потребни работи и опрема. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, ТППЕ, ЈП, др. субјекти, донатори | 2023, 2026 | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 1<br>Приоритет 3<br>Приоритет 4<br><br>ЦОР 11<br>ЦОР 13 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | **Зајакнување на капацитетите и опременоста на просторните сили за заштита и спасување** | • Ажурирани се просторните сили.<br><br>• Минимумот на потребната опрема и средства е набавен;<br><br>• Реализирана е професионална обука и тренинг, особено за заедничко делување на подрачјето на двете општини. | • Членовите на просторните сили за заштита и спасување располагаат со потребните опрема и средства и со подобрени капацитети. | ЕЛС Крива Паланка во соработка со ПО ДЗС КП, ДЗС, ТППЕ Крива Паланка и Ранковце, донатори | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, буџет на РСМ, донатори | Приоритет 4<br><br>ЦОР 11 |
| 22 | **Зајакнување на капацитетите и опременоста на ТППЕ Крива Паланка и ТППЕ Ранковце** | • Минимум на потребната опрема и техника е набавен;<br><br>• Реализирана е професионална обука и тренинг на ТППЕ особено за заедничко дејствување на подрачјето на двете општини. | • Членовите на просторните сили за заштита и спасување располагаат со потребните опрема и средства и со подобрени капацитети. | • Членовите на ТППЕ Крива Паланка и Ранковце располагаат со потребните опрема и средства и со подобрени капацитети и знаења за заедничко делување. | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, буџет на РСМ, донатори | Приоритет 4<br><br>ЦОР 11 |
| 23 | **Зајакнување на капацитетите и опременоста на субјектите на системот за заштита и спасување** | • Реализирана е обука и тренинг на субјектите на системот за заштита и спасување (ЈП, НВО) особено за заедничко дејствување на подрачјето на двете општини.<br><br>• Минимум на потребната опрема и техника е набавен.<br><br>• По потреба воспоставено е ДППД за подрачјето на двете општини, извршена е обука на членовите и набавена е минимум опрема. | • Членовите на субјектите за заштита и спасување располагаат со потребните опрема и средства и со подобрени капацитети.<br><br>• ДППД е формирано и располага со потребни човечки и материјално-технички ресурси. | ЕЛС Крива Паланка во соработка со ЈП, ПО ДЗС КП, ДЗС, ТППЕ Крива Паланка и Ранковце, НВО донатори | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, буџет на РСМ, буџет на ЈП, буџет на НВО, донатори | Приоритет 4<br><br>ЦОР 11 |
| 24 | **Реализација на симулациски и теренски вежби со цел за тестирање на соработката, координацијата и подготвеноста за одговор на меѓуопштинско ниво** | • Реализирани се симулациони вежби или теренски вежби според профилот на опасности. | • 4 вежби;<br><br>• 40 лица се учесници. | ЕЛС Крива Паланка во соработка со ЈП, ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ТППЕ Крива Паланка и ТППЕ Ранковце, ЈП, ОО ЦК, ИМП, МВР СВР, НВО, др. локални субјекти, донатори | 2023, 2024, 2025, 2026 | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 4<br><br>ЦОР 11<br>ЦОР 13 |
| 25 | **Подобрување на комуникацијата за време на кризи и катастрофи и донесување на Меѓуопштински план за комуникација за време на кризи и катастрофи за двете општини** | • Клучните лица од ЕЛС се обучени за успешна и ефикасна комуникација во услови на катастрофа или криза.<br><br>• Донесен е Меѓуопштински план за комуникација за време на итни/кризни/вонредни состојби | • 4 лица се обучени.<br><br>• Донесен е меѓуопштинскиот план за комуникација. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, РЦУК КП, донатори | 2023 | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 1<br>Приоритет 2<br>Приоритет 4<br><br>ЦОР 11 |
| 26 | **Определување на патишта и локации за евакуација на граѓаните и обележување на истите** | • Определени и означени се главните патишта и локации за евакуација и собирни места во општините Крива Паланка и Ранковце | • Идентификувани патишта во должина<br><br>• Број на локации<br><br>• Број на знаци | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ЈП, ПО ДЗС КП | 2023, 2024 | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 4<br><br>ЦОР 11 |

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.2: Едукација и тренинг за заштита и самозаштита на сите граѓани**

| | АКТИВНОСТ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ИНДИКАТОР(И) | НОСИТЕЛ(И)/ ВКЛУЧЕНИ СТРАНИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ИЗНОС МКД | ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ | РНРКС/ ЦОР[37] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 27 | **Реализирање на обуки и вежби за евакуација на граѓаните во урбаните и месните заедници од двете општини** | • Реализирани се обуки и вежби за евакуација се реализирани во најизложените месни заедници.<br><br>• Реализирани се вежби за евакуација на станарите од најизложените високи згради во Крива Паланка.<br><br>• Реализирани се редовни активности за подготвеност и одговор во општинските установи и институции на подрачјето на двете општини (на пр. јавни објекти, градинки, училишта и сл.) во услови на пандемија. | • 5 обуки проследени со вежби;<br><br>• 5 населени места;<br><br>• 90 лица.<br><br>• 12 активности.<br><br>• 360 учесници. | ЕЛС Крива Паланка во соработка со ЈП, ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ТППЕ Крива Паланка и ТППЕ Ранковце, ЈП, ОО ЦК, ИМП, МВР СВР, НВО, др. локални субјекти, донатори<br>ЕЛС Крива Паланка во соработка со ЈП, ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ТППЕ Крива Паланка и ТППЕ Ранковце, ЈП, ОО ЦК, ИМП, МВР СВР, НВО, др. локални субјекти, донатори | 2023 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 4<br><br>ЦОР 11<br>ЦОР 13 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 28 | **Реализирање на редовни активности за подготвеност и одговор на катастрофи во општинските установи и институции на подрачјето на двете општини** | • Реализирани се редовни активности за подготвеност и одговор во општинските установи и институции на подрачјето на двете општини (на пр. јавни објекти, градинки, училишта и сл.) во услови на пандемија. | • 5 обуки проследени со вежби;<br>• 5 населени места;<br>• 90 лица.<br>• 12 активности. | ЕЛС Крива Паланка во соработка со ЈП, ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ТППЕ Крива Паланка и ТППЕ | 2022 - 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 4<br>ЦОР 11<br>ЦОР 13 |
| 29 | **Фокусирано јакнење на знаењето и капацитетите за подготовка и одговор на ранливите категории на граѓани (жени, млади, постари лица, лица со посебни потреби и др.)** | • Спроведена е фокусирана едукација за подготвеност и одговор на катастрофи и кризи на ранливите категории на граѓани според нивните потреби и способности. | • 12 населени места;<br>• 120 лица се учесници | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ТППЕ Ранковце и ТППЕ Крива Паланка, ОО ЦК, НВО, донатори | 2022 - 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 4<br>ЦОР 3<br>ЦОР 11 |
| 30 | **Реализирање на здравствена едукација со посебен осврт на ранливите категории на граѓани** | • Реализирана на здравствена едукација со посебен осврт пандемијата и епидемиите на заразни болести и со вклученост на ранливите категории на граѓани | • 4 настани.<br>• 80 учесници. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ЈП, ПО ДЗС КП, ЦЈЗ Крива Паланка, ОО ЦК, донатори | 2022 - 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 4<br>ЦОР 3<br>ЦОР 11<br>ЦОР 13 |
| | **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.3: Навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи** | | | | | | | |
| | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **ИНДИКАТОР(И)** | **НОСИТЕЛ(И)/ ВКЛУЧЕНИ СТРАНИ** | **ВРЕМЕНСКА РАМКА** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** | **РНРКС/ ЦОР[37]** |
| 31 | **Реализација на навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи на подрачјето на двете општини** | • Реализиран е навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи на подрачјето на двете општини преку примена на соодветните постапки и мерки .<br>• Одговорот е поддржан од меѓуопштинскиот оперативен центар. | • Број на настани<br>• Ангажирани ресурси | ЕЛС Крива Паланка во соработка со ЈП, ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ТППЕ Крива Паланка и ТППЕ Ранковце, ЈП, ОО ЦК, ИМП, МВР СВР, НВО, др. локални субјекти, донатори | 2022 - 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, буџет на РСМ, донатори | Приоритет 4<br>ЦОР 11 |
| 32 | **Редовно информирање на населението** | • Редовно информирање преку подготвени соопштенија и информации прилагодени за сите категории на граѓани, на локалните медиуми, социјалните мрежи и сл. | • Број на настани<br>• Опфатено население (м/ж) | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ЈП, ТППЕ Крива Паланка и ТППЕ Ранковце, ОО ЦК, др. субјекти | 2022 - 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце | Приоритет 4<br>ЦОР 11 |
| 33 | **Згрижување и обезбедување на итните и неопходните потреби на погоденото** | • Погоденото население е згрижено и обезбедени се итните потреби, вклучувајќи ги и итните потреби на лицата со попреченост. | • Број на настани<br>• Опфатено население (м/ж) | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ЈП, ТППЕ Крива Паланка и ТППЕ Ранковце, ОО ЦК, др. субјекти | 2022 - 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце | Приоритет 4<br>ЦОР 11 |
| | **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.4: Осигурување на брз и отпорен опоравок на општините Крива Паланка и Ранковце и нивните граѓани** | | | | | | | |
| | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **ИНДИКАТОР(И)** | **НОСИТЕЛ(И)/ ВКЛУЧЕНИ СТРАНИ** | **ВРЕМЕНСКА РАМКА** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** | **РНРКС/ ЦОР[37]** |
| 34 | **Проценка и обезедување на потребите на населението после катастрофа со осврт на потребите на ранливите групи на население (жени, млади, стари, лица со посебни потреби и др.)** | • Реализирана е брза процена на потребите на сите категории на граѓани од погоденото население.<br>• Обезбедени се итните потреби, вклучувајќи ги и потребите на лицата со попреченост. | • Број на населени места;<br>• Вид на потреби;<br>• Опфатено население (м/ж). | ЕЛС Крива Паланка во соработка со ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ЈП, ОО ЦК, др. локални субјекти, донатори | 2022 - 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 4<br>ЦОР 11 |
| 35 | **Воспоставување на база на податоци на општините Крива Паланка и Ранковце за штети и загуби** | • База на податоци за штети, загуби и потреби на погоденото население е воспоставена во дигитална форма.<br>• Редовно се реализираат проценките на штети и загуби. | • Вид база на податоци.<br>• Опфатено население (м/ж). | ЕЛС Крива Паланка во соработка со ПО ДЗС КП, РЦУК КП, ЈП, ОО ЦК, др. локални субјекти, донатори | 2022 - 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, донатори | Приоритет 4<br>ЦОР 11 |

[40] https://www.dzs.gov.mk/direkcija/2

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 36 | **Реализирање на мерки за ревитализација после настанати катастрофални настани на локално и меѓуопштинско ниво** | • Ревитализацијата после шумски пожари, пожари на отворено и на објекти, поплави и други опасности. | • Број на настани;<br><br>• Број на планови за ревитализација;<br><br>• Број на мерки за ревитализација;<br><br>• Опфатено население (м/ж). | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ПО ДЗС КП, РЦУК КП, НШ ШС Осогово, ЦЈЗ, сопственици на земјиште и објекти, приватен сектор, др. субјекти, донатори | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС Крива Паланка и Ранковце, буџет на РСМ, донатори | Приоритет 4<br><br>ЦОР 11 |
| 37 | **Отпорна рехабилитација на објекти погодени од катастрофален настан според начелото Изгради повторно подобро** | • До 2026 година 2 објекти во сопственост на ЕЛС се рехабилитирани или реконструирани. | • Два објекти на подрачјето на двете општини по приоритет. | ЕЛС Крива Паланка и Ранковце во соработка со ЈП, ДЗС, ЦУК, Влада на РСМ, надлежни министерства, донатори | 2024, 2025 | | Буџет на ГС, Буџет на РСМ, донатори | Приоритет 4<br><br>ЦОР 9<br>ЦОР 11 |

# 9. РЕАЛИЗИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Меѓуопштинскиот стратешки план ќе биде реализиран од општинските администрации на двете општини во координација со градоначалниците и советите, како и во соработка со останатите субјекти на локално и национално ниво. Со цел за поддршка на меѓуопштинската соработка во овој домен и реализацијата на планот ќе се формира Меѓуопштинска координативна група составена од двајца координатори од двете општини и од претставници на клучните сектори во администрацијата и ќе ги имаат следниве обврски:

• Практично имплементирање на активностите од акцискиот план преку координација на реализацијата на планските активности;

• Следење и известување за реализацијата на планот, како на ниво на посебни мерки и целини, така и на ниво на целиот план;

• Иницирање постапка за ажурирање на планот;

• Подготовка на квартални и годишни извештаи за реализацијата на планот до советите на општините, градоначалниците, донаторите и партнерските организации;

• Ќе врши и други работи определени од страна на градоначалникот и советот на општината кои се потребни за реализација на планот.

За успешна, навремена и ефикасна реализација на стратешкиот план потребно е да се обезбедат неопходните човечки и финансиски ресурси

- **Финансиски ресурси** – Во согласност со акцискиот план, општините е неопходно навремено да ги планираат финансиските средства кои се предвидени за реализација на мерките и активностите првенствено преку сопствените буџети и преку изнаоѓање на средства од други извори на пр. државен буџет, национални и регионални програми, мултилатерални и билатерални донатори, европски и др. фондови.

- **Човечки ресурси** – Реализацијата на стратешкиот план ќе се спроведе со учество на постојниот персонал на општинските администрации, особено на лицата задолжени за намалувањето на ризици од катастрофи. Сепак, во планот се предвидени и мерки и активности за градење на капацитетите на општинските администрации во наредниот период, паралелно со имплементацијата на истите, како во поглед на тематската област, така и во поглед на стекнување на знаења и вештини од раководење со проекти, пристап до фондови и сл.

Со цел да се следат постигнувањата на планот, просечно достапните вредности од 2022 год. ќе се користат како основни индикатори. Ажурирањето на вредностите може да се изврши за време на среднорочната ревизија на планот пред истекот на втората година од неговото донесување. Следењето на планот се однесува на систематско собирање и обработка на податоци што можат да бидат корисни за подобрување на процесот на донесување на одлуки, информирање на засегнатите страни и осигурување на нивниот придонес, како и

идентификување на напредокот на остварувањето на мерките и активностите, идентификување на застои и донесување на стратегии за надминување на истите, како и соодветно ажурирање на акциската рамка на планот.  Се планира да има две евалуации - среднорочна евалуација по истекот на втората година од донесувањето на планот и крајна евалуација по во последните три месеци од истекот на последната година од донесувањето на планот. Евалуациите се препорачува да ја изврши субјект за надворешна проценка.

# БИБЛИОГРАФИЈА


- Државен завод за статистика на РСМ. Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 - прв сет на податоци“ (2021)
- Источен плански регион. Програмата за развој на источен плански регион 2021 – 2026 год
- Општина Крива Паланка и Ранковце. Процена на загрозеност на општините Крива Паланка и Ранковце од природни непогоди и други несреќи  од 2014 година
- Општина Крива Паланка и Ранковце. План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи од 2014 година.
- Општина Крива Паланка. Социјален план на општина Крива Паланка 2021 – 2024
- Општина Крива Паланка. Стратегија за млади на општина Крива Паланка 2019 – 2024.
- Општина Крива Паланка. Стратегија за развој на туризмот на општина Крива Паланка со акционен план за периодот 2020-2025.
- УН. Цели на одржлив развој 2015 – 2030.
- УНДРР. Рамката за намалување на ризици од катастрофи од Сендаи 2015 – 2030.


## Закони и други акти:


- Закон за заштита на населението од заразни болести (Редакциски пречистен текст, 2018)
- Закон за заштита и спасување (36/04)
- Закон за заштита и спасување - Редакциски пречистен текст (Службен весник на РМ. 2017)
- Закон за здравствена заштита – Редакциски пречистен текст (Службен весник на РМ. 37/16)
- Закон за здравствено осигурување – Редакциски пречистен текст (142/16)
- Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ 79/09)
- Закон за пожарникарството - Пречистен текст (168/17)
- Закон за управување со кризи (Сл. Весник на РМ 29/05 со измените и дополнувањата - 41/14 и 104/15)
- Уредба за знаците за предупредување, модалитетот и постапките за предупредување и дејствијата на населението (217/18)
- Уредба за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената (Сл. Весник на РМ 13/11)
- Уредба за утврдување на оперативните постапки за меѓусебна комуникација, координација, соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи (Сл. Весник на РСМ, број 27/18).
- Уредбата за видот на податоците и информациите за начинот и постапката на нивно доставување до Центарот за управување со кризи односно РЦУК (Сл. весник на РМ бр. 9/07)
- Устав на Република Северна Македонија. 2018.